**20160270718**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за јавните набавки,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 февруари 2016 година.

Бр. 08-922/1
10 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Член 1

Во Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15 и 192/15), во членот 13 став (4) точка 5) алинеја 4) запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Член 2

Во членот 14-г став (5) точка 5) алинеја 4 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Член 3

Во членот 202 став (4) точка 5) алинеја 4 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Во ставот (5) точка 6) алинеја 4 запирката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „или“.

Во алинејата 5 сврзникот „или“ се заменува со сврзникот „и“.

Алинејата 6 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.